Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
Секретаријат за спроведување
на Рамковниот договор

Republika e Maqedonisë
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë**
Sekretariati për Implementimin e
Marrëveshies Kornizë të Ohrit

www.siofa.gov.mk

Бр. / Nr. 0302 - 15841/1

Дата/Data: 08.10.2018 год.

**Влада на Република Македонија**
Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор

ЕМБС: 6312357

бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија

**Qeveria e Republikës së Maqedonisë**
Sekretariati për Implementimin e Marrëveshies Kornizë të Ohrit

NAVS: 6312357

bul. Ilinden n.2
1000 Shkup,
Repunlika e Maqedonisë

Тел/Tel.: (02) 3118 022
Факс/Faks: (02) 3223 559
Вебсајт/Sajt: www.siofa.gov.mk

До : Институт за развој на заедницата

ПРЕДМЕТ: Известување по предлог-иницијативата за годишна Програма за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година

Врска: бр.06-15 од 06.09.2018

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис доставен до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија- Одделение за соработка со невладини организации, со кој предлагате измена на Законот за локална самоуправа (членови 41 и 55) кои се однесуваат на општинските Комисии за односи меѓу заедниците, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор (во понатамошниот текст ССРД), Ве известува за следното:

Во основните принципи на Охридскиот рамковен договор, во точката 1.5 стои: „Развојот на локалната самоуправа е од суштинско значење за поттикнување на учеството на граѓаните во демократскиот живот и за унапредување и почитување на идентитетот на заедниците" По конкретно, во Рамковниот договор во точката 3 се предвидува зголемување на надлежностите и изворите на финасирање на едниците на локалната самоуправа, за да можат да креираат локална политика во согласност со приоритетите на нивните граѓани. Охридскиот рамковен договор на експлицитен начин го потенцира учеството на граѓаните во демократскиот живот и нивниот удел во процесот на донесување на одлуки на локално ниво, за оваа цел и за да се решат прашањата што ги засегаат етничките заедници, Законот за локална самоуправа од 2002 година предвиде формирање на Комисии за односи меѓу заедниците (во понатамошниот текст КОМЗ) . Но како што е наведено во Вашиот допис, и од повеќето анализи што се направени за работењето на овие Комисии, се утврдува дека има низа недостатоци во нивното функционирање.

Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор како стручно тело на Владата, задолжен за спроведување на Охридскиот договор, се залага за целосно спроведување на ОРД како на државно така и на локално ниво. Што се однесува на КОМЗ кои се единствена

институционална рамка за дијалог меѓу заедниците на локално ниво, ССРД го следи нивното работење преку низа мерки и активности и се залага за да се изнајде соодветно решение да се зајакне улогата на општинските КОМЗ и тие да бидат функционални. Но и покрај ова, предлог иницијатива за измена на Законот за локална самоуправа член 41 и член 55, не може да биде прифатена за годишната програма за работата на Владата на Република Македонија за 2019 година, поради долунаведеното:

Согласно Стратешкиот план за 2018-2020 година, Министерството за локална самоуправа, има предвидено да изврши Оценка на спроведување на Законот за локална самоуправа. Имајќи предвид дека Законот за локална самоуправа е двотретински закон кој на системски начин ги уредува прашањата што се однесуваат на локалната самоуправа, ССРД е на мислење дека пред да се објави Извештајот за оценката на спроведување на овој закон, вашата предлог иницијатива за измена на Законот за локална самоуправа, не е прифатлива.

Со почит,
ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР

Mr. Faton Ahmeti

Република Македонија Влада на Република Македонија Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор Скопје